РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 10.09.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 19 | | |

ДО: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ)
ул."Македонија" бр. 38, 1000 Скопје

# БАРАЊЕ

за мислење и појаснување во врска Македонско радио - Радио програмски сервис преку сателит и посебни радио програми - Радио Македонија

Врска бр. 03-19 од 01.08.2025

Почитувани,

Благодариме на вашиот брз одговор (со арх. бр. 03-19 од 01.08.2025 година), сметаме дека не е во целост разбрано нашето барање, извинете ако не бевме доволно јасни и прецизни со нашите прашања. Не бараме АВМУ да изврши надзор врз работата на ЗАМП, таа надлежност несомнено е на Министерството за Култура.

Но, бидејќи надлежноста на АВМУ се медиумите и нивното работење дозволете да ги преформулираме нашите прашања како би немало забуна, и ве молиме да дадете јасно мислење, и конкретно да се изјасните за секое поединечно прашање:

1. Дали Радио Македонија вршело и врши радиодифузно емитување на програма во 2023 и 2024 и 2025 година?

2. На кој начин/начини Радио Македонија вршело и врши радиодифузно емитување во 2023, 2024 и 2025 година?

3.Дали АВМУ има констатирано некаков пропуст или неправилност во работењето и емитувањето на Радио Македонија во 2023, 2024 и 2025 год?

4. Согласно член 3 од Законот за електронски комуникации и член 63 од ЗААВМУ, дали емитувањето на Радио Македонија преку интернет претставува емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс?

5. Дали, согласно член 35 и 37 од ЗАПСП, член 63 од ЗААВМУ, член 3 од Законот за радиодифузна дејност, и член 3 од Законот за електронски комуникации, емитувањето на Радио Македонија преку интернет претставува радиодифузно емитување?

03.09.2025
Со почит,